**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АПЕЛАЦИОНЕН СУД ГОСТИВАР**
**СПИ.бр.1/21**
**04.01.2021 година**
**ГОСТИВАР**

Согласно член 36 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. весник на Р.М“ бр.101 од 22.05.2019 год.) Апелациониот суд Гостивар ул.„Живко Брајкоски“ бр.1, тел. 042/221-544, факс 042/221-545, info@asgostivar.mk, како имател на информации, преку службеното лице Александар Дуроски-судски соработник, го подготви следниот,

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## (од 01.01.2020 год. до 31.12.2020 год. )

**1.**Податоци за службеното лице определено за посредување на информации кај имателите на информации; **Александар Дуроски-судски соработник.**

**2.**Број на примени барања; **11 (единаесет)**

**3.**Број на позитивно одговорени барања; **10 (десет)**

**4.**Број на одбиени и отфрлени барања со наведување на причините за секое одбиено или отфрлено барање; **1 (едно) - бараната информација не е информација од јавен карактер бидејќи истата се однесува на информација стекната или составена за спроведување на граѓанска постапка, а чие давање би имало штетни последици за текот на постапката, односно бараната информација не е информација од јавен карактер бидејќи во случајов се утврди дека со објавувањето на таквата информација последиците врз интересот кој се заштитува се поголеми од јавниот интерес утврден со закон што би се постигнал со објавувањето на информацијата. Од друга страна побараната информација не е информација од јавен карактер, односно не е информација што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности. Исто така според имателот на информации побараната информација за име и презиме на судиите на Апелациониот суд Гостивар кои постапуваат по предметот ГЖ.бр.1290/19 и побараната информација за лични и адресни податоци и тоа име и презиме и адреса на живеење на судиите кои постапуваат по предметот како и име и презиме и адреа на живеење на Претседателот на Апелациониот суд Гостивар не е информација од јавен карабидејќи со објавувањето на ваквата**

**информација би се постапило спротивно на Законот за заштита на личните податоци.**

**5.**Број на неодговорени барања; **-/-**

**6.**Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија) на имателите на информации, со опис на одлуката како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација; **1**

**7.**Број на усвоени жалби со одлука на Агенцијата; **-/-**

**8.**Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата **-/-**

**9.**Број на одбиени жалби од Агенцијата и причини за нивно одбивање; **1**

**Бараната информација не е информација од јавен карактер бидејќи истата се однесува на информација стекната или составена за спроведување на граѓанска постапка, а чие давање би имало штетни последици за текот на постапката, и со објавувањето на таквата информација последиците врз интересот кој се заштитува се поголеми од јавниот интерес утврден со закон што би се постигнал со објавувањето на информацијата. Од друга страна побараната информација не е информација од јавен карактер, односно не е информација што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности. Воедно со жалбата се одлучило дека побараната информација за име и презиме на судиите на Апелациониот суд Гостивар кои постапуваат по предметот ГЖ.бр.1290/19 и побараната информација за лични и адресни податоци и тоа име и презиме и адреса на живеење на судиите кои постапуваат по предметот како и име и презиме и адреа на живеење на Претседателот на Апелациониот суд Гостивар, не е информација од јавен карактер.**

**10.**Број на отфрлени жалби од Агенцијата и причини за нивно отфрлање; **-/-**

**Гостивар,**
**04.01.2021 година**

**Имател на информации**
**Апелационен суд Гостивар**

**Службено лице**
**Александар Дуроски**